З А П И С Н И К
од Сто педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 март 2026 година

Скопје, март 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 март 2026 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р ЗлаткоЕрински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафија Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Иванчо Тошевски, директор на ЈУ Национален парк „Пелистер" и м-р Марија Митева и Венера Љатифи-Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 154-та и 158-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 3 и 22 март 2026 година

1. Информација за потребата на обезбедување на податоци за бројот на службени моторни возила со кои располагаат министерствата и органите во состав на министерствата, со Прилог - листи

2. Годишна сметка и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- п.о. - Скопје во 2024 година, со Извештај на независните ревизори, со дополнување и предлог - одлуки

3. Информација за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2026 година, со Предлог – одлука

4. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари во државна сопственост на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог – одлука

5. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за услуги за физичко обезбедување во ТИР - зони

6. Информација за годишна програма за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА за 2026 година, со Годишна програма

7. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2026 година

8. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

9. Известување за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 март 2026 година до 11 март 2026 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 5 март 2026 година до 11 март 2026 година

11. Предлог-план за управување со јагула (*)

12. Предлог-програма за заштита на потрошувачите за 2026 година

13. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година

14. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Диме Иванов, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

15. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Анчева, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог – одлука

16. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Здравев, ул. „50. дивизија“ бр.5А, Скопје, со Предлог - одлука

17. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агро Узунов ДОО Валандово, ул. „Никола Карев“ бр.24, Валандово, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Витториа фруит ДООЕЛ експорт–импорт, с. Прдејци, Гевгелија

19. Информација за потребата од склучување на Меморандум за разбирање за Западен Балкан – Источен Медитеран железнички коридор за товарен сообраќај, со усогласен текст на Меморандум

20. Информација за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година, со Предлог-одлука

21. Информација за состојбата со моликата во Национален парк „Пелистер“

22. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино 2/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/25), со Предлог – одлука

23. Информација во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Кутлишта“, Општина Кичево на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Стонкорп ДОО Битола, со Предлог–одлука

24. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини, со Предлог – решение

25. Извештај за реализација на Програмата за рекултивација на деградирани простори за 2025 година

26. Информација за продажба на движен имот во сопственост на Република Северна Македонија кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски-Папучар“ АД Куманово

27. Информација за продажба на недвижен имот распределен во стечајна постапка на стечајните доверители на Друштвото за производство на челични конструкции, механизми и киосци КЕН АД Куманово

28. Информација за статус на реализација на договор за доделување на државна помош на Орицон Адвансед Технолоџис - ОАД ДООЕЛ Скопје, со текст на Спогодба

29. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и Предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

30. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кисела Вода

31. Информација за одржан Тринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно и подготовка на Четиринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 26 март 2026 година во Брисел и хибридно

32. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Neptune Strike 26-01", со Предлог – одлука

33. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Иса против Република Северна Македонија, А.бр.25431/23, со Предлог–одлука

34. Информација за потребата за изменување на Одлуката за формирање за Комисија за поддршка на печатени медиуми, со Предлог-одлука

35. Предлог-решение за именување на координатор, заменик-координатор и членови на Министерскиот одбор за организација и координација на регионалната конференција

36. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование за периодот 1.7.2025-31.12.2025 година

37. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Министерството за дигитална трансформација и Оракл Софтвер Д.О.О Љубљана (ORACLE SOFTWARE D.O.O. LJUBLJANA), со седиште во Љубљана, Република Словенија, за развој, имплементација и промоција на програми за дигитално учење, со текст на Меморандум за соработка

38. Барање за давање на автентично толкување за стекнат степен на кариера на државни службеници, според Законот за државни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Долнени

39. Барање за давање на автентично толкување на член 23 став 1 точка 18 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 59/99, 86/1999, 11/00, 93/00, 8/01, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25 и 247/25), поднесено од пратеникот Игор Здравковски

40. Барање за давање на автентично толкување на член 18 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), поднесено од пратеникот Зоранчо Јованчев

41. Иницијатива од Андреј Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.17/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на

член 1 во делот „запишани на додипломски студии“ и член 2 од Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25)

42. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 во делот „подзаконски акт“ од Законот за именување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11)

43. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за именување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/25)

44. Понуда од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1924, за КО Штип 5, на КП бр.6838, викано место/улица „Град“

45. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.532, за КО Ресен, на КП бр.5522, викано место/улица „И.Р.Лола“

46. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.12766, за КО Драчево 2, на КП бр.9281, викано место/улица „Песовци“ и Имотен лист бр.3383, за КО Драчево 2, на КП бр.9294, викано место/улица „Песовци“

47. Понуда од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94411 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр.3971, викано место/улица „Црногорска“

48. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.23558, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4227/3, викано место/улица „с. Пужалка“

49. Понуда од нотар Љубинка Јаковлева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2038 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка“ и Имотен лист бр.2320 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка - 63“

50. Понуда од нотар Патриша Трајковска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.394, за КО Блаце, на КП бр.111, викано место/улица „Подерница“

51. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21638, за КО Охрид 4, на КП бр.5238, викано место/улица „Град“

52. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65525, за КО Волково, на КП бр.532, викано место/улица „с. Волково“

53. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191214, за КО Драчево 2, на КП бр.430, викано место/улица „Бара“

54. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94037, за КО Чаир, на КП бр.1153/2, викано место/улица „Боро Менков“, Имотен лист бр.94931, за КО Чаир, на КП бр.1154/2, викано место/улица „Боро Менков“, Имотен лист бр.94878, за КО Чаир, на КП бр.1148/2, викано место/улица „Чаир“ и Имотен лист бр.94946, за КО Чаир, на КП бр.1159/2, викано место/улица „Чаир“

55. Известување од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024 за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 24 март 2026 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.453, за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката“

56. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, доставено под И.бр.1798/2025 за Заклучок за прва усна јавна продажба, која ќе се одржи на 26 март 2026 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.3533, за КО Бутел, на КП бр.6076/1, КП бр.6067/2, КП бр.6077 и КП бр.6095, викано место/улица „Македонско-косовска бригада“

57. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“ заклучно со четвртиот квартал на 2025 година

58. Информација за постоечка инфраструктура за Информациски системи за канцелариско и архивско работење

59. Информација за спроведување на проектот „Е-бебе“

60. Годишен нацрт-извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025–2035, со табеларен преглед

61. Информација по дадената препорака за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатски промени“

62. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со декември 2025 година на ТАВ Македонија, со прилози

63. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2025 година во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.25/25)

64. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

65. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас, Скопје во државна сопственост

66. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (637), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (631), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на

Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, наменска сметка (789)

67. Извештај за реализација на одобрените средства како парична помош од Општина Новаци во 2025 година

68. Информација за преземени мерки во врска со постапување по забелешки на ревизорски извештај за Годишна сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје

69. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за четвртиот квартал во 2025 година, со прилог

70. Тримесечен извештај за работењето на Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, за периодот октомври - декември 2025 година

71. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 октомври 2025 година до 31 декември 2025 година

72. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за четврти квартал 2025 година

73. Акциски план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од Извештајот на независниот ревизор за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје

74. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.7.2025 година до 30.9.2025 година

75. Кадровски прашања

76. Прашања и предлози

77. Информација за склучување на договорот за имплементација на проектот: „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, со текст на Договор

78. Информација за формирање на Надзорен одбор кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво, за период од ноември 2025 година до ноември 2028 година, со Предлог-решение

79. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и петтата одлука).

80. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и четврта одлука)

81. Информација за наменска реалокација на неискористени финансиски средства од вршење на услуги во дејноста на образованието и науката

82. Информација за проектот „Скопје-Европска престолнина на културата 2028“

83. Информација за можноста за воспоставување на взаемност за поврат на данок на додадена вредност со земји коишто имаат Закон за додадена вредност

84. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2026 година

85. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2026 година

86. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година и Предлог-одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија

87. Информација за утврдување на Листа на институции за склучување на колективен договор, утврдување на текстот на колективниот договор и овластување за негово потпишување, со прилог и Предлог-листа на институции

88. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за ослободување од визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со усогласен текст на Спогодба

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 март 2026 година и Записникот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2026 година

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на обезбедување на податоци за бројот на службени моторни возила со кои располагаат министерствата и органите во состав на министерствата, со Прилог-листи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и органите во состав на министерствата, во рок од 10 дена, да доставаат:
А) листа на службени моторни возила кои ги поседуваат и се во исправна состојба;
Б) листа на возила кои се неисправни, но може да се стават во употреба;
В) листа на дотраени/искористени возила кои не можат да се стават во употреба и
Г) листа колку возила им се потребни за вршење на секојдневни работни задачи низ урбана средина, а колку им се потребни за далечни патувања (надвор од градот со кои ги вршат задачите).

2. Се задолжуваат сите министерства и органите во состав на министерствата, листите со возила да ги достават до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република

Северна Македонија во пропишаниот формат подготвен од страна на Службата, преку електронска пошта на следната адреса: info@sozr.gov.mk.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- п.о. - Скопје во 2024 година, со Извештај на независните ревизори, со дополнување и предлог - одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"- п.о.- Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за начинот на покривање на прикажаната загуба по Годишната сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"- п.о.- Скопје.

Истовремено, Владата заклучи, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - п.о. - Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со преземените мерки и активности, во врска со укажувањата во Ревизорскиот извештај.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2026 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2026 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари во државна сопственост на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за услуги за физичко обезбедување во ТИР-зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 65.490.000,00 денари, со вклучен ДДВ за спроведување на постапка за услуги за физичко обезбедување во ТИР зони, со следниот начин и динамика:

- за 2026 година = 10.914.996,00 денари,
- за 2027 година = 21.829.992,00 денари,
- за 2028 година = 21.829.992,00 денари и

- за 2029 година =     10.914.996,00 денари.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони средствата во висина од 65.490.000,00 денари, со вклучен ДДВ за 2026, 2027, 2028, 2029 година да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за годишна програма за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА за 2026 година, со Годишна програма, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Годишната програма за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА за 2026 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за дигитална трансформација и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2026 година.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Петровец).

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 март 2026 година до 11 март 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 5 март 2026 година до 11 март 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го одложи од разгледување Планот за управување со јагула (*), поради потребата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за европски прашања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за 2026 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Диме Иванов, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Анчева, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Здравев, ул. „50. дивизија“ бр.5А, Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агро Узунов ДОО Валандово, ул. „Никола Карев“ бр.24, Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Витториа фруит ДООЕЛ експорт–импорт, с. Прдејци, Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Меморандум за разбирање за Западен Балкан – Источен Медитеран железнички коридор за товарен сообраќај, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за Западен Балкан – Источен Медитеран железнички коридор за товарен сообраќај.

2. Се овластува д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт, да го потпише Меморандумот за разбирање за Западен Балкан – Источен Медитеран железнички коридор за товарен сообраќај.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година.

2. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од десет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на планскиот опфат со координати за локацијата опфатена со Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година.

3. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, по добивање на дефинирани граници на планскиот опфат со координати за локацијата опфатена со Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година, во рок од 60 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со моликата во Националниот парк „Пелистер“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Да се формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Јавната установа-Национален парк „Пелистер“-Битола, Општина Битола, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг Ханс Ем и Природно математичкиот факултет – Институт за биологија, кои да доставaт номинации за еден член и негов заменик до Јавната установа-Национален парк „Пелистер“-Битола, најдоцна до крајот на март 2026 година.

2. Се укажува на Јавната установа-Национален парк „Пелистер“-Битола, во рок од 15 дена од добивањето на номинациите да ја формира работната група.

3. Се укажува на Јавната установа-Национален парк „Пелистер“-Битола до крајот на август 2026 година, да достави заклучоци до Владата од работната група за понатамошни активности за долгорочна заштита и зачувување на моликата во Националниот парк „Пелистер“.

4. Се укажува на Јавната установа-Национален парк „Пелистер"-Битола да преземе мерки и активности за подигање на јавната свест за значењето на моликата и нејзината вредност како природно наследство, како и за тековната состојба во границите на Националниот парк „Пелистер".

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот", Општина Неготино 2/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/25), со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Брестот", Општина Неготино 2/2025, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.224/25).

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Селекта ДООЕЛ Кавадарци на локалитетот „Брестот", Општина Неготино.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Стонкорп ДОО Битола, со Предлог–одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Стонкорп ДОО Битола, имајќи го предвид добиеното Решение од Министерството за земјоделство, шумарсто и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини.

**Точка 25**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализација на Програмата за рекултивација на деградирани простори за 2025 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на движен имот во сопственост на Република Северна Македонија кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски-Папучар“ АД Куманово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Биро за процена, во рок од 30 дена, да изврши процена на движните ствари од пакет IX подвижен имот од Стечајната маса на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски-Папучар“ АД Куманово, распределени согласно Решение на Основен суд - Велес Ст.бр.137/13 од 8.7.2016 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по добивање на проценката од Министерството за правда-Биро за процена, да ја достави понудата до сосопствениците на движните ствари, распределени согласно Решение на Основен суд - Велес Ст.бр.137/13 од 8.7.2016 година, со цел во рок од 30 дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да се произнесат (дадат согласност) за понудата за продажба на движните ствари од пакет IX.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижен имот распределен во стечајна постапка на стечајните доверители на Друштвото за производство на челични конструкции, механизми и киосци КЕН АД Куманово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, регионална дирекција Штип, Министерството за финансии – Управа за имотно - правни работи, Министерството за транспорт, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми П.О Скопје, Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во рок од пет дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават номинации за формирање на работна група со цел да изврши анализа на имотно правната документација заради продажба на недвижниот имот запишан во Имотен лист бр.4758 КО Куманово распределен со Решение Ст бр. 73/13 на Основен суд Штип.

2. Се задолжува Бирото за процена во рок од еден месец да подготви процена на недвижниот имот предмет на продажба, запишан во Имотен лист бр.4758 КО Куманово, евидентиран на КП бр. 16361/1 и истата да ја достави до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на Договорот за доделување на државна помош на Орицон Адвансед Технолоџис - ОАД ДООЕЛ Скопје, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на државна помош.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на државна помош.

**Точка 29**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

2. Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда, на квартално ниво да ја информира Владата за активни предмети, односно за изгубени случи при Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кисела Вода (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Тринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно и подготовка на Четиринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 26 март 2026 година во Брисел и хибридно, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Neptune Strike 26-01“, со Предлог – одлука и ја усвои со следните:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Neptune Strike 26-01“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства на странските вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Иса против Република Северна Македонија, А.бр.25431/23, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Средствата, во вкупен износ од 4.850 евра, во денарска противвредност, да бидат исплатени најдоцна до 1 април 2026 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за изменување на Одлуката за формирање за Комисија за поддршка на печатени медиуми, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комисија за поддршка на печатени медиуми.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлог-решението за именување на координатор, заменик-координатор и членови на Министерскиот одбор за организација и координација на регионалната конференција и го донесе Решението за именување на координатор, заменик-координатор и членови на Министерскиот одбор за организација и координација на Регионалната конференција, со заклучок, основот на Решението да се дополни со бројот на Службениот весник на Република Северна Македонија, во кој е објавена Одлуката за формирање на Министерски одбор за организација и координација на Регионалната конференција - „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност  согласно потребите на луѓето".

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование за периодот 1.7.2025-31.12.2025 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади до 31 јули 2026 година да ја информира Владата за напредокот на имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование".

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Министерството за дигитална трансформација и Оракл Софтвер Д.О.О Љубљана (ORACLE SOFTWARE D.O.O. LJUBLJANA), со седиште во Љубљана, Република Словенија, за развој, имплементација и промоција на програми за дигитално учење, со текст на Меморандум за соработка, ја усвои Информацијата и го овласти м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Министерството за дигитална трансформација и Оракл Софтвер Д.О.О. Љубљана, Република Словенија за развој, имплементација и промоција на програми за дигитално учење.

**Точка 38**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување за стекнат степен на кариера на државни службеници, според Законот за државни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Долнени и притоа го утврди следното мислење:

Со донесувањето на Законот за државните службеници (2000 година) се создадоа услови за развој на професионална, политички неутрална, компетентна, одговорна и стабилна државна служба, како ефикасен сервис на граѓаните. Законот го утврди корпусот на државната служба и го дефинира поимот државен службеник, врз основа на два критериуми: организациски и функционален. Според првиот, тоа се вработените во органите на државата, а според вториот, тоа се вработените кои ги спроведуваат функциите на државата. Законот и неговите подзаконски акти, ги уредуваа основите на принципите и стандардите за општите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во органите на државната управа, како и описот на звањата и нивната соодветност во однос на дотогашните.

Утврдени се начинот, постапката и критериумите на спроведувањето на постапката за вработување и посебно на спроведувањето на стручниот и приправничкиот испит, како значаен сегмент од постапката за вработување на државни службеници, како и постапките за нивно оценување и собирање и обработка на податоци за државните службеници, преку востановувањето на Регистарот на државните службеници. Со главата IV од посочениот закон беше уреден системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници. Членот 34 предвидуваше дека платата на државниот службеник се состои од две компоненти (основна и исклучителна), а основната компонента ја сочинуваат (основна плата, додаток на плата за звање и додаток на плата за кариера). Членот 38 предвидуваше дека секое звање има четири степени на кариера (А,Б, В и Г) на работното место на кое е распореден државниот службеник, со која се обезбедува право на исплата на додаток за кариера, на предлог на непосредно претпоставениот државен службеник, а за кое нешто одлучува министерот, односно функционерот кој раководи со органот. Членот 40 предвидуваше дека доколку државниот службеник е унапреден во звање на повисоко ниво, му се исплатува основна плата и додаток на плата за звање во кое е тој унапреден.

Со член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/07), предвидено беше дека системот на плати и надоместоци од плати ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година, освен одредбите на основната компонента на плата без додаток кои се применуваат од 1 април 2006 година.
Од содржината на претходно цитираните одредби може да се заклучи дека системот на плати со додатоци се применува од 1 јануари 2008 година, а во случај на спроведување на постапка за унапредување на државен службеник, на унапредениот државен службеник му се исплатува основна плата и додаток на плата за звање во кое е тој унапреден. Со оглед на околноста дека се работи за системско решение кое во периодот на примена има претрпено повеќе изменувања и дополнувања (од кои две се со поголем обем и претставуваа воведување на значителни подобрувања или новитети во државната служба) чија цел била да се создаде ефикасна и современа државна служба, законодавецот со изменувањата и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09), ја доразработува постапката за вработување и мобилноста во државната служба, како и го прецизира системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници. Имено, со членот 14 и 15 се менуваат членовите 37 и 38 од Законот за државните службеници и според истите се предвидува дека секое звање, освен секретарот, имаат четири степени на кариера, а степенот на кариера обезбедува исплата на додатокот за звање и тоа: за кариера А 5%, за Б 10%, за В 15% и за Г 20 %. Одредбите од членовите 37 и 38 од Законот за државните службеници регулираа дека додатокот на плата за кариера е врзан со звањето на државниот службеник и државниот службеник во зависност од оценувањето и должината на работниот стаж на државниот службеник се стекнува со истото. Секое понатамошно унапредување или пак вработување во повисоко звање од звањето со кое се стекнал државниот службеник, врз основа на членот 37 став 3 му овозможува стекнување на степен на кариера според редослед како што е предвиден во претходно наведениот член, со што се обезбедува професионален развој и вреднување на успехот и стручноста во неговото работење.

Со Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) се воспоставува целосен и синхронизиран систем на администрација базиран на знаење, односно воведување на целосно нов модерен пристап кон управувањето со човечките ресурси, со елементи на корпоративно управување, согласно со најдобрите светски практики за управување базирано на компетенции преку уредување на статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособувањето, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Членот 86 предвидува дека платата на административниот службеник се состои од основна и исклучителна компонента, а членот 87 предвидува дека основната компонента на плата ја сочинуваат дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж.

Согласно член 111 став 1 постапките за државните службеници кои се однесуваат на вработување, со и без пробна работа, дисциплинските постапки и постапките за оценување, започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, односно жалбите и приговорите поднесени до Агенцијата до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13 и 106/13). Со членот 111 став 4 е регулирано дека на државниот службеник на кој до денот на влегувањето во сила на овој закон му се исплаќа додаток за степен на кариера, согласно со Законот за државните службеници, износот на додатокот за степен на кариера ќе му биде пресметан како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток, во делот на плата за нивото од членот 87 став (3) од овој закон. Односно, за административниот службеник промената на звање/ниво на работно место, преку ново вработување или унапредување, согласно Законот за административни службеници, значи и промена на делот на плата за ниво и губење на стекнатиот степен на кариера. Притоа, доколку има хоризонтално распоредување стекнатиот степен на кариера си останува.

Надлежен орган за давање на овластено толкување на закони е Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување, бидејќи членот на Законот е јасен, прецизен и концизен и во истиот е дефинирано и пропишано конкретното право на административните службеници.

**<u>Точка 39</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 23 став 1 точка 18 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 59/99, 86/1999, 11/00, 93/00, 8/01, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25 и 247/25), поднесено од пратеникот Игор Здравковски и притоа го утврди следново мислење:

Во Глава IV. ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА - Даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок, во член 23, став 1, точка 18 од Законот за данокот за додадена вредност е пропишано следното: „Се ослободуваат од данок на додадена вредност услуги на погребални институции и крематориуми, како и прометот на добра поврзан со ваквите услуги."

Имајќи ја предвид содржината на членот 23, став 1, точка 18 од Законот за данокот за додадена вредност, произлегува дека постојат одредени потешкотии во практична примена на законските одредби, особено во делот на нивната примена на конкретни промети на добра.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека Собранието на Република Северна Македонија треба да го прифати поднесеното Барање за давање на автентично толкување на членот 23 став 1 точка 18 од Законот за данокот на додадена вредност.

Автентичното толкување ќе придонесе за прецизирање на содржината на предметната одредба и ќе овозможи нејзина правилна, единствена и усогласена примена од страна на сите даночни обврзници, надлежните органи како и останатите засегнати субјекти и дека истото ќе придонесе за доследна примена на членот.

**<u>Точка 40</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 18 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), поднесено од пратеникот Зоранчо Јованчев и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 151/21 и 12/25) постапката за задолжување на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје ја започнуваат со согласност на Министерството за финансии.

Воедно, согласно член 18 од „Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа", општината може да се задолжува во земјата и странство според условите утврдени со овој и со друг закон.

Со став 3 од овој член е утврдено дека „Министерството за финансии, нема да даде согласност за задолжување на општините кои во последните 12 месеци имале задоцнување и во предвидените рокови не ги подмириле своите обврски кон државата по основ на кредит или издадени гаранции".

Согласно член 21 од истиот закон, „јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општината, основани од општината, можат да се задолжат само по претходно издадена гаранција од Советот на општината за што Советот донесува одлука".

Имено, секое задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општината, основани од општината, претставува обврска на општината, која согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа носи одлука за гаранција на задолжувањето на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општината, основани од општината.

Членот 18 став 3 се однесува на тоа дека доколку општините имаат задоцнување и во предвидените рокови не ги подмириле своите обврски кон државата по основ на кредит или издадени гаранции во последните 12 месеци, Министерството за финансии нема да даде согласност за ново задолжување на општината. Ова е од причина што секоја неплатена обврска на јавното претпријатие основано од општина, исто така, претставува обврска на општината за која истата издала гаранција.

Имено, општината треба да ги исполнува своите обврски и истовремено да го следи исполнувањето на обврските за кои издала гаранција кон јавните претпријатија основани од општината. Дотолку повеќе што согласно со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е обврзана да издаде одлука за гаранција на секое задолжување на јавните претпријатија основани од општината.

Оттука, произлегува дека обврската на општината по издадената гаранција настанува во истиот момент кога настанува и обврската на јавното претпријатие основано од општината, а не кога ќе се добие известување од Министерството за финансии за задоцнето плаќање. Во таа насока, се смета дека членот е сосема јасен во поглед на обврските и надлежностите на општината во однос на третманот на обврските кои произлегуваат по основ на издадените гаранции.

Дополнително, согласно членот 65 од Законот за локалната самоуправа, јавните служби основани од општината се сопственост на општината. Општината како сопственик е носител на сите права и обврски согласно релевантните законски прописи. Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија смета дека посочената законска одредба е јасна и нема потреба од автентично толкување на истата.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Андреј Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.17/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 во делот „запишани на додипломски студии“ и член 2 од Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 1 во делот „запишани на додипломски студии“ и член 2 од Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25), дека не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 44 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со член 1 од Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25) се уредуваат условите и постапката за издавање и користење на вредносни ваучери кои се користат за набавка на електронски уреди и тоа: персонален компјутер, таблет - компјутер или лаптоп – пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти кои се државјани на Република Северна Македонија, запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Согласно член 2 од истиот закон со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди ќе се стекнат студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година на државни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото (Член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот).

Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (член 9 од Уставот).

Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно (член 44 од Уставот).

Член 2 став (1) точка 29. од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република северна Македонија" бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) „Циклуси на високо образование" се трите последователни циклуси на високото образование идентификувани со Болоњскиот процес (првиот – додипломски студии, вториот – постдипломски студии и третиот циклус – докторски студии) во кои се распоредени сите квалификации на високото образование кои се стекнуваат на единствениот европски простор на високо образование.

Член 133 Циклуси на високото образование од Законот за високо образование:
„(1) Студиските програми за стекнување на високо образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование.

(2) Студии на прв циклус се:
1. прв циклус на академски студии (додипломски студии) и
2. прв циклус на стручни студии.

(3) Студии на втор циклус се:
1. втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и
2. втор циклус на стручни студии

(4) Студии на трет циклус на академски студии се докторски студии.

(5) Секој циклус на студиите завршува со стекнување на одреден назив во согласност со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации.

(6) Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус.

(7) Секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

(8) Високообразовните квалификации се запишуваат во Регистарот на Националната рамка на квалификации согласно Законот за националната рамка на квалификации.

Член 134 Прв циклус на академски студии – додипломски студии од Законот за високото образование:
(1) Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

(2) На прв циклус академски студии, како и на академски студии од областа на уметностите може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

(3) Универзитетот, односно самостојната висока стручна школа одлучува кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски или стручни студии.

(4) Со студиската програма за додипломските студии може да биде предвидена завршна работа (дипломска работа).

(5) Лицето кое ги завршило додипломските студии се стекнува со назив дипломиран и додавка на соодветната област, ако со закон поинаку не е уредено.

(6) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на додипломските студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

(7) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

(8) Студиските програми на додипломските студии на студентот му обезбедуваат компетенции и методолошки вештини во една или повеќе научни или уметнички области и го квалификуваат да работи независно во рамките на својата професија.

(9) Студиските програми од додипломските студии според содржината и резултатите од учењето треба:
1. да го воведат студентот во академските дисциплини во една или повеќе научни или уметнички области преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини,

2. да му овозможат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и

3. да го оспособат студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

Член 135 Втор циклус на академски студии – постдипломски студии од Законот за високото образование:

(1) Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити.

(2) Постдипломските студии можат да траат и подолго од две години, доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

(3) На постдипломските студии можат да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои додипломски студии се соодветни за упис на одделни студиски програми на постдипломските студии, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

(4) На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

(5) Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити.

(6) Студиската програма за постдипломските студии задолжително содржи обврска за изработка на магистерски труд, како завршен дел на студиската програма на постдипломските студии.

(7) Студиската програма за постдипломски студии од областа на уметностите опфаќа и магистерски труд и јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба.

(8) Посебните услови за постдипломските академски студии од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт.

(9) Лицето кое по завршувањето на постдипломските студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од додипломските и постдипломските студии, се стекнува со назив – магистер од соодветната област.

(10) За одбрана на магистерскиот труд од ставот (6) на овој член се формира комисија составена од три члена, од кои најмалку двајца се од соодветната научна област.

(11) Член на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд од ставот (6) на овој член, не може да биде лице кое со лицето кое го брани магистерскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(12) Членовите на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

(13) Лицето кое ги завршило постдипломските студии со најмалку 300 ЕТКС кредити на студиските програми од додипломските и постдипломските студии од областа на уметноста се стекнува со назив – магистер на уметности.

(14) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е master, Master of Science (MSc), односно Master of Arts (MA).

(15) Во текот на една учебна година, еден наставник може да биде определен за ментор на најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови.

(16) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии од ставот (1) на овој член припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

(17) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на интегрираните академски студии од прв и втор циклус припаѓаат на нивото VIIА од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации.

Член 136 Трет циклус на академски студии – докторски студии од Законот за високото образование:
(1) Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc, PhD), односно доктор по уметности (dr.art).

(2) Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии.

(3) Универзитетот може да организира студии од трет циклус во траење помалку од три години, со кои се стекнува звањето специјалист по одредено подрачје (spec.). Називот специјалист т.е. неговата кратенка се додава на академскиот назив стекнат од вториот циклус на академски студии.

(4) Универзитетот може да утврди дека со завршувањето на специјалистички студии од трет циклус се стекнува поинакво звање од звањето пропишано во ставот (3) на овој член, во случај кога за одредено стручно подрачје со посебен закон е пропишано специјалистичко усовршување.

(5) Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредити на докторските студии и ги пропишува ЕКТС кредитите потребни за пријава на докторски труд.

(6) Студиската програма за докторските студии задолжително содржи обврска за изработка на докторски труд (докторска дисертација), како завршен дел на студиската програма на докторските студии.

(7) На високообразовните установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на универзитетски - докторски студии, ментор на докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на високообразовната установа, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на високообразовната установа.

(8) Менторот на докторскиот труд треба да е акредитиран за ментор на докторски студии од страна на Одборот за акредитација. Професорите од ставот 7 на овој член можат да се акредитираат за ментори за докторски студии доколку имаат објавено шест научни трудови во референтна научна публикација или доколку имаат остварени најмалку три соодветни врвни уметнички изведби на релевантни домашни и меѓународни настани согласно листа која ја изготвува Националниот совет.

(9) Комисијата за одбрана на докторскиот труд се состои од пет члена од кои најмалку три се од соодветната научна област од установата која ги организира докторските студии.

(10) Членови на комисијата од ставот (9) на овој член може да бидат лица избрани во наставно-научни звања редовен професор или вонреден професор.

(11) Во комисијата од ставот (9) на овој член, член не може да биде лице кое со лицето кое го брани докторскиот труд (дисертација) е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(12) Членовите на комисијата од ставот (9) на овој член не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

(13) Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација.

(14) Пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии, како и во базата на отворени образовни и научни ресурси која ја води министерството надлежно за високото образование и која мора да биде јавно достапна на интернет.

(15) Бројот на студентите кои се запишуваат на докторската студиска програма за сите три години на докторските студии треба да биде во согласност со бројот на расположливите ментори.

(16) Еден професор може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа.

(17) За една научна област може да се организира само една докторска студиска програма, освен во случаи на интердисциплинарни студиски програми.

(18) Студиската програма за докторски студии од ставот 1 на овој член главно опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:
1. организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,
2. независен истражувачки проект под менторство (докторски проект),
3. меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,
4. предавања и друг вид на комуникациски активности,
5. објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и
6. изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

(19) Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два дела: теоретски дел и јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба.

(20) Одредбите од ставовите (13) и (18) алинеи 5 и 6 на овој член не се однесуваат на докторските студии од областа на уметноста.

(21) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на докторските студии од ставот 1 на овој член припаѓаат на ниво VIII од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VIII од Европската рамка на високообразовни квалификации.".

Во современото дигитално општество, пристапот до информатичка технологија претставува основен предуслов за еднаков и квалитетен пристап до образование. Со цел унапредување на дигиталната писменост и обезбедување подеднакви можности за студирање, со Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25) се утврди постапка за издавање на вредносни ваучери за обезбедување на персонален компјутер, таблет - компјутер или лаптоп – пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија. Со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди се стекнаа студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година во државни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Законот за издавање на вредносни ваучери за електронски уреди („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25) е заснован врз принципите на општествена еднаквост, праведен пристап до можности и директна грижа за младите како темел на развојот на државата.

Законот ја отсликува волјата на инвестирање во капацитетите на новите генерации и произлегува од потребата да се поддржат младите во процесот на дигитална трансформација на образованието, особено оние кои поради економски причини немаат пристап до соодветна електронска опрема, а воедно и да се стимулира домашниот пазар на ИТ - опрема преку транспарентна и конкурентна постапка.

Во услови на брза дигитална трансформација и сè поголеми потреби од еднаква пристапност до модерни образовни алатки, оваа мерка е конкретен чекор кон создавање на поправедно, подостапно и подинамично општество.

Со овој закон се поттикнува и помага на научниот и технолошкиот развој на студентите кои се запишани на додипломски студии во сите високообразовни установи во Република Северна Македонија во учебната 2025/2026 година, со што ќе им се овозможи непречен пристап до образовни содржини и алатки за учење, а со тоа и директна стимулација на компаниите кои се дел од ИТ - секторот преку јавен повик за изразување интерес за реализација на ваучерите во фер и транспарентна постапка.

Воедно, со Законот се придонесува кон процесот на дигитална трансформација на општеството и унапредување на дигиталната писменост кај младата популација.

Се гарантира владеењето на правото како темелна вредност на Уставот (член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот).

Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (член 9 од Уставот).

Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно (член 44 од Уставот).

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите (член 51 од Уставот).

Со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање, статусни промени и престанок на високообразовните установи, нивната дејност, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност, правата и обврските на студентите, признавањето на странските високообразовни квалификации и надзорот над работата на високообразовните установи.

Законот за високото образование (член 2 став (1) точка 29.) утврдил дека циклусите на високо образование се трите последователни циклуси на високото образование идентификувани со Болоњскиот процес (првиот – додипломски студии, вториот – постдипломски студии и третиот циклус – докторски студии) во кои се распоредени сите квалификации на високото образование кои се стекнуваат на единствениот европски простор на високо образование.

Студиските програми за стекнување на високо образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование. Студии на прв циклус се прв циклус на академски студии (додипломски студии) и прв циклус на стручни студии. Студии на втор циклус се втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии. Студии на трет циклус на академски студии се докторски студии. Секој циклус на студиите завршува со стекнување на одреден назив во согласност со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации. Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус. Притоа, секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити, според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити (член 133 од Законот за високото образование).

Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити. На прв циклус академски студии, како и на академски студии од областа на уметностите може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (член 134 ставови (1) и (2) од Законот за високото образование). Првиот циклус на студии е почетокот на високото образование за стекнување знаења и вештини, со што се овозможува конкурирање на пазарот на трудот во одредена област по дипломирањето.

Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60, односно 120 ЕКТС кредити. На постдипломските студии можат да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои додипломски студии се соодветни за упис на одделни студиски програми на постдипломските студии, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми (член 135 ставови (1) и (3) од Законот за високото образование).

Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc, PhD), односно доктор по уметности (dr.art). Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии (член 136 ставови (1) и (2) од Законот за високото образование).

Вториот и третиот циклус се сметаат како еден вид на специјализација и истражување во одредена област. Во овие циклуси студентите повеќе се насочени кон самостојни истражувања и изнаоѓање на дополнителни извори на информации од одредени области и продукција на сопствени трудови.

За студентите запишани на втор и трет циклус на студии се смета дека веќе се стекнале со неопходни квалификации и основни вештини од првиот циклус на студии, за да ги применуваат за практикување на професија на одредени стручни работни места. Заради тоа, исто така, како и за доделувањето на ваучерите, постои разлика и во доделувањето на стипендиите, сместување во студентски домови и останатите услуги на студентскиот стандард според условите утврдени со закон од вршителите на соодветните дејности. Студентите од првиот, вториот и третиот циклус се разликуваат по квалификациите, потенцијалите и потребите. Оттука, не станува збор за повреда на член 9 од Уставот - начело на еднаквост на граѓаните

пред Уставот и законите, член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот - владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок и член 44 од Уставот - право на образование и еднаков пристап до образованието.

Оспорените законски одредби утврдуваат дека со Законот за издавање на вредносни ваучери се уредуваат условите и постапката за издавање и користење на вредносни ваучери кои се користат за набавка на електронски уреди и тоа: персонален компјутер, таблет компјутер или лаптоп пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти кои се државјани на Република Северна Македонија, запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија. Со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди, ќе се стекнат студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година на државни и на приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија. Се нагласува дека оспорените законски одредби јасно ги утврдуваат условите кои е потребно да ги исполнат студентите за да добијат вредносен ваучер за набавка на електронски уред, следејќи го пристапот и нормативот на студиските циклуси кои се во согласност со темелната вредност на уставот за владеење на правото, еднаквоста на граѓаните во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, еднаквоста на граѓаните пред уставот и законите и правото и достапноста на образованието на сите граѓани.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата поднесена од Андреј Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.17/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 во делот „запишани на додипломски студии" и член 2 од Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25) е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведените законски одредби, со оглед на фактот што истите се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 во делот „подзаконски акт" од Законот за именување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната Иницијатива подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 во делот „подзаконски акт" од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (,,Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) по што истата ќе ја укине како спротивна на Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот „Сметано од денот на донесување на Законот за изменување и дополнување на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16), па се до поднесување на оваа иницијатива, одредбата од членот 51-а од наведениот Закон гласи онака како што е определено како под III од оваа иницијатива и доколку членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) за потребно е да отпочне да се применува сметано од 29.1.2029 година, тогаш оспорениот дел како во воведот на оваа иницијатива дава овластување за донесување на подзаконски акт од друга одредба која во себе не содржи ниту што треба да содржи тој подзаконски акт, ниту кој го носи и кое нешто, а во врска со претходните ставови, не е во согласност со начелото на владеење на правото од

причини што со пропишувањето на таквото овластување, а со оглед дека членот 51-а од Законот веќе претрпел измена како што е определено погоре и во себе повеќе не содржи овластување на донесување на подзаконски акт со што овластувањето станува беспредметно и така пропишаниот дел од одредбата кој е оспорен како во воведот на оваа иницијатива, доведува до забуна во примената на оспорениот дел и кое нешто повторно не е во согласност со начелото на владеење на правото".

По однос на овие наводи, во „Службен весник на Република Македонија" бр.135/11 од 3.10.2011 година објавени се:

1. Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност и
2. Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

Членот 2 од Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) гласи:

„Подзаконскиот акт утврден со овој закон министерот за финансии го донесува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и истиот веднаш по неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб - страницата на Управата за јавни приходи."

Членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/21) гласи: „Одредбите од членот 1 став (2) точка 14 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2015 година".

По однос на ова се појаснува дека со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) се уредува рокот за примената одредбата со која се уредува примена на повластена даночна стапка на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата.
Наведеното може да се утврди од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) кој гласи:

„Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 3306, 101/206, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10 и 24/11), во член 30 став (1) точка 11 на крајот од реченицата сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

По точката 12 се додаваат две нови точки 13 и 14, кои гласат:

„13. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана и
14. Првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата".

Во ставот (2) точка 2 на крајот од реченицата сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во точката 3 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и" и се додава нова точка 4, која гласи:
„4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти.".

Дополнително членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15), гласи:

„Во Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/11), во членот 2 датумот „31 декември 2015 година“ се заменува со датумот „31 декември 2018 година“.

Имајќи го предвид наведеното, во „Службен весник на Република Македонија“ бр.135/11 се објавени два различни прописи со кои се интервенира во истиот закон, односно во Законот за данокот на додадена вредност, при што едниот пропис уредува дополнување на Законот, а другиот изменување и дополнување на Законот. Во конкретниот случај повикувањето во членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15) се однесува исклучиво на прописот со кој се врши изменување и дополнување на Законот, односно на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) гласи:

„Одредбите од членот 1 став (2) точка 14 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2015 година.“.

Дополнително во однос на наведеното од страна на подносителот: „Меѓутоа, од содржината на членот 51-а од Законот за данокот на додадена вредност погоре цитиран, не е јасно за кој е или каков е подзаконскиот акт како и што треба да пропишува тој подзаконски акт а кој подзаконски акт треба да се донесе заклучно со 29.1.2029 година.“ се укажува на следното:

Во Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/11) членот 2 се однесува на рокот за донесување на подзаконскиот акт врз основа на ставот (2) од членот 51-а кој се воведува со Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11), а кој став (2) гласи: „Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.“

Во однос на заклучокот дека подзаконскиот акт треба да се донесе заклучно со 29.1.2029 година уште еднаш се укажува дека последователните измени на рокот се однесуваат на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 135/11), а не на членот 2 од Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11), видно од содржината на одредбата од членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15).

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во согласност со член 73 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/24) да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 во делот „подзаконски акт" од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (,,Службен весник на Република Македонија" бр.135/11).

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за именување и дополнување на Законот за данокот на

додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.267/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 267/25), по што истата ќе ја укине како спротивна на Уставот.

Според подносителот „Сметано од денот на донесување на Законот за изменување и дополнување на данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16), па сè до поднесување на оваа иницијатива, одредбата од членот 51-а од наведениот закон гласи онака како што е определено како под III од оваа иницијатива и доколку според членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11 ), врз основа на кој треба да се донесе подзаконскиот акт од членот 51-а од законот, таквиот подзаконски акт треба да се донесе заклучно со 29.1.2029 година при што, ниту содржински а ниту суштински во одредбата од членот 51-а од законот погоре цитирана како под III од оваа иницијатива не пропишува во себе донесување на подзаконски акт, во тој случај, оспорената одредба може да доведе во заблуда при примената на истата во правниот промет кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото.".

По однос на овие наводи, се истакнува дека во Службен весник на Република Македонија" бр.135/11 од 3 октомври 2011 година објавени се:

1. Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, и
2. Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

членот 2 од Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11) гласи:

„Подзаконскиот акт утврден со овој закон министерот за финансии го донесува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и истиот веднаш по неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб - страницата на Управата за јавни приходи.
Членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) гласи:
„Одредбите од членот 1 став 2 точка 14 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2015 година.".

По однос на ова се дава појаснување дека со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11), се уредува рокот за примената одредбата со која се уредува примена на повластена даночна стапка на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата.

Наведното може да се утврди од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11) , кој гласи:
„Во Законот за данокот на додадена вредност (,,Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10 и 24/11), во член 30 став (1) точка 11 на крајот од реченицата сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

По точката 12 се додаваат две нови точки 13 и 14, кои гласат:

„13. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана и
14. Првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата.“.

Во ставот (2) точка 2 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.
Во точката 3 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 4, која гласи:
„4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти.“ “.

Дополнително, членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15), гласи:
„Во Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/11), во членот 2 датата „31 декември 2015 година“ се заменува со датата „31 декември 2018 година“.

Имајќи го предвид наведеното се укажува дека во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/11 се објавени два различни прописи со кои се интервенира во истиот закон, односно во Законот за данокот на додадена вредност, при што едниот пропис уредува дополнување на законот, а другиот изменување и дополнување на Законот. Во конкретниот случај, повикувањето во членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15) се однесува исклучиво на прописот со кој се врши изменување и дополнување на Законот, односно на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/11) гласи:
„Одредбите од членот 1 став 2 точка 14 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2015 година.“.

Дополнително во однос на наведеното од страна на подносителот: „Меѓутоа, од содржината на членот 51-а од Законот за данокот на додадена вредност погоре цитиран, не е јасно за кој е или каков е подзаконскиот акт како и што треба да пропишува тој подзаконски акт, а кој подзаконски акт треба да се донесе заклучно со 29.1.2029 година.

Според наведеното како погоре, за потребно е донесување на подзаконски акт заклучно со 29.1.2029 година меѓутоа од содржината на членот 51-а од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25 и 247/25 и 267/25), не се пропишува било какво донесување на подзаконски акт според таа одредба - одредбата од членот 51-а од Законот, ниту пак што треба да содржи таквиот подзаконски акт.“ се укажува на следното:

Во Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/11), членот 2 се однесува на рокот за донесување на подзаконскиот акт врз основа на ставот (2) од членот 51-а кој се воведува со Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/11), а кој став (2) гласи: „Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.“.

Во однос на заклучокот дека подзаконскиот акт треба да се донесе заклучно со 29.1.2029 година, уште еднаш се укажува дека последователните измени на рокот се однесуваат на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/11), а не на членот 2 од

Законот за дополнување на Законот за данокот на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/11), видно од содржината на одредбата од членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15).

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 267/25) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1924, за КО Штип 5, на КП бр.6838, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Богданка Бакаловска од Ресен, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.532, за КО Ресен, на КП бр.5522, викано место/улица „И.Р.Лола“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.12766, за КО Драчево 2, на КП бр.9281, викано место/улица „Песовци“ и Имотен лист бр.3383, за КО Драчево 2, на КП бр.9294, викано место/улица „Песовци“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94411 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр.3971, викано место/улица „Црногорска“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.23558, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4227/3, викано место/улица „с. Пужалка“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубинка Јаковлева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2038 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка“ и Имотен лист бр.2320 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка -

63“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Патриша Трајковска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.394, за КО Блаце, на КП бр.111, викано место/улица „Подерница“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21638, за КО Охрид 4, на КП бр.5238, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје и Министерството за транспорт.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65525, за КО Волково, на КП бр.532, викано место/улица „с. Волково“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191214, за КО Драчево 2, на КП бр.430, викано место/улица „Бара“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94037, за КО Чаир, на КП бр.1153/2, викано место/улица „Боро Менков“, Имотен лист бр.94931, за КО Чаир, на КП бр.1154/2, викано место/улица „Боро Менков“, Имотен лист бр.94878, за КО Чаир, на КП бр.1148/2, викано место/улица „Чаир“ и Имотен лист бр.94946, за КО Чаир, на КП бр.1159/2, викано место/улица „Чаир“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 55**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024 за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 24 март 2026 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.453, за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката“.

**Точка 56**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, доставено под И.бр.1798/2025 за Заклучок за прва усна јавна продажба, која ќе се одржи на 26 март 2026

година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.3533, за КО Бутел, на КП бр.6076/1, КП бр.6067/2, КП бр.6077 и КП бр.6095, викано место/улица „Македонско-косовска бригада“ и ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“ заклучно со четвртиот квартал на 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да го измени Заклучокот по точка 5 - Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“, од Нацрт-записникот од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година и наместо на квартално ниво, да го задолжи Министерството за образование и наука за спроведување на мерките од Акцискиот план да ја информира Владата на шест месеци.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за постоечка инфраструктура за Информациски системи за канцелариско и архивско работење и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, во рок од пет дена, до Министерството за дигитална трансформација да достават податок дали поседуваат/користат информациски систем за канцелариско и архивско работење различен од воспоставениот Информациски систем за канцелариско и архивско работење од страна на Министерството за дигитална трансформација.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од еден месец, да подготви и до Владата да достави акциски план за динамиката за поврзување на институциите кои поседуваат/користат информациски систем за канцелариско и архивско работење различен од воспоставениот Информацискиот систем за канцелариско и архивско работење од страна на Министерство за дигитална трансформација.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, на секои три месеци до Владата, да доставува информации со преглед на поврзани институции на Информациски систем за канцелариско и архивско работење и институции кои сеуште не се поврзани Информациски систем за канцелариско и архивско работење, се до целосно поврзување на сите органи на државна управа на Информациски систем за канцелариско и архивско работење.

4. Се задолжуваат сите органи на државна управа кои немаат воспоставен Систем за управување со документи (ДМС), најдоцна до 1 ноември 2026 година да се поврзат на Информацискиот систем за канцелариско и архивско работење воспоставен од страна на Министерството за дигитална трансформација.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да ги обезбеди потребните средства преку прераспределба на средствата во рамки на сопствениот буџет за 2026 година.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проектот „Е-бебе", како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Годишниот нацрт - извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025–2035, со табеларен преглед, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата по дадената препорака за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатски промени", како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле" – Охрид, заклучно со декември 2025 година на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2025 година во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.25/25), како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:
1. Се укажува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се укажува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, во рок од 14 дена да ја информира Владата за тоа дали се преземени мерки и активности согласно законските прописи, во насока на покренување соодветни постапки пред надлежните органи, поврзани со констатираните неправилности во работењето на Акционерското друштво, наведени во Ревизорскиот извештај.

**Точка 65**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска

дејност пренос на природен гас Номагас, Скопје во државна сопственост, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажа на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас, Скопје, во државна сопственост, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 66**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (637), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (631), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, наменска сметка (789), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства како парична помош од Општина Новаци во 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки во врска со постапување по забелешки на ревизорски извештај за Годишна сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за четвртиот квартал во 2025 година, со прилог, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, за периодот октомври - декември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" – Пробиштип, за период од 1 октомври 2025 година до 31 декември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 72**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за четврти квартал 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Акцискиот план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од Извештајот на независниот ревизор за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.7.2025 година до 30.9.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

1. Владата го именува Ариф Муса за член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со мандат од 4 години, на предлог на министерот за економија и труд, по претходно добиена согласност од Извршниот одбор на Народна банка на Република Северна Македонија за именување на Ефимија Димовска за член на Управниот одбор, главен извршен директор на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје и добивање на претходна согласност од страна на Извршниот одбор на Народна банка на Република Северна Македонија.

2. Владата го именува Амир Зеќири за заменик на директорот на Воспитно - поправната установа – Воспитно - поправен дом - Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Фљорим Јаја од должноста вршител на должноста директор на Дирекција за безбедност на класифицирани информации.

4. Владата го именува Фљорим Јаја за директор на Дирекција за безбедност на класифицирани информации и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата на Меџит Јусуфи, му утврди престанок на правото да остварува плата по престанување на функцијата член на Инспекцискиот совет од област земјоделство, шумарство,

ветеринарство и безбедност на храна, заклучно со 31.3.2026 година на негово барање, поради засновање на работен однос како адвокат почнувајќи од 1.4.2026 година.

6. Владата ја разреши Кристина Светиева, од должноста член на Национална комисија за учебници за основно и средно образование претставник од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот, на нејзино барање.

7. Владата ја разреши Наташа Симјаноска од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на ДМУ„Тодор Скаловски -Тетоец" – Тетово, на нејзино барање.

8. Владата им утврди престанок на мандатот на определени претставници во Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид на д-р Валентина Славевска Стаменковиќ, д-р Катерина Ребок и проф д-р Лидија Симонческа, поради истек на мандатот.

9. Владата го разреши Васе Анакиев, од должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

10. Владата го именува Ивица Ангеловски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за земјоделство.

12. Владата го разреши Исеин Демири од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови - претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк.

12.1 Владата го именува Фикрет Ибраими за член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови- претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк (Општина Маврово и Ростуше).

## <u>Точка 76</u>

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за култура и туризам за изменување на Заклучокот, донесен по т.42 од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година, по Извештајот за завршени преговори помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија, со усогласен текст на Договор, го прифати Барањето и заклучи т.2 од истиот да се измени и да гласи:

„2. Го определи д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија.".

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за состојбите во работењето и правниот статус на директорот (владин агент) на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договорот за имплементација на проектот: „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за имплементација на проектот: „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје".

2. Ги овласти Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, а се укажува на Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, да го потпишат Договорот за имплементација на проектот: „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Град Скопје да достават барање до ЕБОР за продолжување на крајниот рок за повлекување на средствата од транша 1 до 28.2.2029 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Надзорен одбор кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво, за период од ноември 2025 година до ноември 2028 година, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Надзорен одбор кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за период од ноември 2025 до ноември 2028 година.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и петтата одлука).

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и четврта одлука).

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за наменска реалокација на неискористени финансиски средства од вршење на услуги во дејноста на образованието и науката, ја усвои Информацијата (со заклучоци усогласени со Министерството за финансии) и го задолжи Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да достави барање за проширување на буџетот на сопствените сметки, согласно потребната динамика за реализација на ново отворените сметки.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Скопје-Европска престолнина на културата 2028“ и согласно расправата на седницата на Владата, ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам да отвори посебна потпрограма „Скопје – Европска престолнина на културата 2028".

2.Се задолжува Министерството за култура и туризам во рамките на својот буџет за 2026 година, по пат на пренамена да обезбеди вкупен износ од 1.000.000 евра за реализација на проектот и да ги префрли на Град Скопје.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам во рамките на својот буџет за 2027 година, 2028 година и 2029 година, да ги предвиди средствата за реализација на проектот „Скопје – Европска престолнина на културата 2028" по следнава динамика:

- 5.000.000 евра за 2027 година,
- 9.000.000 евра за 2028 година и
- 5.000.000 евра за 2029 година.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам да изготви Предлог-одлука за прераспределба на средства од новата потпрограма со динамиката утврдена во предлог-заклучокот бр. 3 од оваа информација и да ја достави до Владата, на првата владина седница во април 2026 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за воспоставување на взаемност за поврат на данок на додадена вредност со земји коишто имаат Закон за додадена вредност и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за финансии и Министерството за транспорт веднаш да достави список на држави за кои носи решенија за исплата на данок на додадена вредност на даночен обврзник нерезидент и список на држави со кои нема воспоставено принцип на реципроцитет при поврат на ДДВ.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за финансии по добивањето на списокот на држави од Управата за јавни приходи веднаш да се стапат во комуникација со надлежните органи на државите кои не го применуваатповратот на ДДВ во реципроцитет за трговски држави од нашата држава со барање за почитување на взаемност во однос на реципроцитетот за враќање на ДДВ.

**Точка 84**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2026 година.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2026 година и ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2026 година (усогласена со Секретаријат за законодавство).

**Точка 86**

Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

2. Ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на Листа на институции за склучување на колективен договор, утврдување на текстот на колективниот договор и овластување за негово потпишување, со прилог и Предлог-листа на институции и ја усвои Информацијата (усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство), со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на институции кои ќе пристапат кон склучување на колективен договор, дадена во Прилог бр.2.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува, односно препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа утврдени во Листата на институции, дадена во Прилог бр.2, најдоцна до 15 април 2026 година во Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ХРМИС), да ги внесат и ажурираат релевантните податоци за вработените во модул Персонална евиденција и модул Пресметка на плата, односно податоци од Решението за вработување (категорија и ниво на работно место, бодови по звање и образование), адреса на живеење, националност, задршки на плата, кредити, трансакциски сметки, работен стаж, податоци за боледување и прекувремени часови за конкретен месец, како и други податоци неопходни за целосно и точно евидентирање и управување со човечките ресурси.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за ослободување од визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за заемно укинување на визи за носителите на дипломатски, службени и специјални патни исправи.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за заемно укинување на визи за носителите на дипломатски, службени и специјални патни исправи.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.